# СООПШТЕНИЕ

Врз основа на член 97 став (7) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), службеникот за усогласеност на операторот на електродистирбутивниот систем, Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, на 15 ноември 2019 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави на одобрување Годишен извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 12-3451/1 од 15 ноември 2019 година, којшто го дополни на 4 февруари 2020 година со допис бр. 12-327/1 од 4 февруари 2020 година.

Регулаторната комисија за енергетика врз основа на член 24 став (1) точка 2) алинеја 14 од Законот за енергетика* одобрува извештај на службеникот за усогласеност за спроведување на плановите за усогласеност.

Со оглед на одлуката на Владата на Република Северна Македонија за превенција од ширење на COVID-19 и пандемијата што е прогласена од Светската здравствена организација, Регулаторната комисија за енергетика на 16 март 2020 година одлучи да не се одржуваат подготвителни седници и комуникацијата со засегнатите страни да оди по електронски пат.

Имајќи го предвид горе наведеното, на следниот линк е Годишниот извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје доставен од службеникот на усогласеност на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје за којшто најдоцна до 23 март 2020 година можете да доставувате забелешки, коментари и предлози на erc@erc.org.mk.

Со почит,

**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-036/2019

ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk